Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), в. д. градоначалникот на Општина Аеродром на 8.5.2025 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

за избор на кандидат по јавен оглас за вработување административен службеник по јавен оглас број 92/2025

1. За извршител за работното место УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за евидентирање на јавни набавки, во Одделение за јавни набавки, Сектор за правни работи и имот и имотноправни работи се избира кандидатот Кристина Мирковска.
2. Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработена на работното место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Оваа одлука се доставува до избраниот кандидат и ќе се објави на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По барање на Општина Аеродром, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 92/2025 на својата веб-страница, како и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Лајм“, на ден 29.03.2025 година, за вработување административен службеник од група 1, подгрупа I, еден извршител за работно место место УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за евидентирање на јавни набавки, во Одделение за правни работи и имот и имотно правни работи, Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи.

Со Решение за формирање на Комисијата за селекција за вработување по јавниот оглас на Агенцијата за администрација број 10-628/3 од 4.4.2025 година, е формирана Комисија што ја спроведе постапката за селекција за вработување административни службеници по јавниот оглас.

Комисијата за селекција на 15.4.2025 година со почеток во 9:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за огласот број 92/2025, при што утврди дека за работното место број 1 се пријавиле вкупно 17 (седумнаесет) кандидати, од кои во втората фаза продолжиле 5 (пет) пријавени кандидати.

Комисијата за селекција по јавен оглас спроведе постапка за полагање испит, проверка на веродостојноста на доказите и одржа интервју со единствениот кандидат којшто се појави на интервјуто.

Согласно со добиените бодови од административната селекција, спроведениот испит за административен службеник и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекцијата.

Врз основа на конечната ранг-листа на кандидати од сите фази на селекцијата и предлог за вработување на единствениот кандидат со најголем број освоени бодови, а согласно со член 45 од Законот за административни службеници, в. д. градоначалникот на Општина Аеродром за работното место УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за евидентирање на јавни набавки, ја избра кандидатката Кристина Мирковска.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи во диспозитивот на оваа Одлука.

**<u>Упатство за правно средство</u>:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изготвила
Соработник за развој и унапредување на процесот
за управување со човечки ресурси
Ирена Петревска

в. д. Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески

Република Северна Македонија-Општина Аеродром
Скопје